Врз основа на член 73 став (1) точка 1 од Законот за енергетика* („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/25 и 135/25), член 109 став (4) од Законот за општата управна постапка* („Службен весник на Република Македонија“ бр. 124/15) и член 20 од Правилата за постапување по приговори и разрешување на спорови („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 233/25), Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија на седницата одржана на 7 мај 2026 година донесе

# Р Е Ш Е Н И Е
## за одбивање на приговор

1. Приговорот на ФОРТЕСА-ЕЛ ДООЕЛ Тетово УП2 09-98/26 од 17 февруари 2026 година против Решение за одбивање на барање на согласност за приклучување на електродистрибутивната мрежа на Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје NCC_11_20251017_1606 од 25.11.2025 година СЕ ОДБИВА.

2. Решението за одбивање на барање на согласност за приклучување на електродистрибутивната мрежа на Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје NCC_11_20251017_1606 од 25.11.2025 година СЕ ПОТВРДУВА.

3. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а се објавува на веб-страницата на Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија.

### О б р а з л о ж е н и е

ФОРТЕСА-ЕЛ ДООЕЛ Тетово до Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија (во понатамошниот текст: Регулаторна комисија за енергетика) поднесе Приговор УП2 09-98/26 од 17 февруари 2026 година против Решение за одбивање на барање на согласност за приклучување на електродистрибутивната мрежа на Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје NCC_11_20251017_1606 од 25.11.2025 година (во понатамошниот текст: Електродистрибуција), издадено поради фактот што предметната фотонапонска електроцентрала (понатаму: ФЕЦ) не е вклучена во Годишниот план за изградба на енергетски објекти (понатаму: ГП).

Се работи за фотонапонска електроцентрала со инсталирана моќност од 996 kW.

Според Електродистрибуција – во прилог на барањето не е доставена комплетна документација, односно согласно член 87 став (13) точка 1) од Законот за енергетика (Службен весник на РСМ бр. 101/25 и 135/25), Министерството за енергетика во соработка со Операторот на електропреносниот систем и Операторот на електродистрибутивниот систем во Годишниот план за изградба на енергетски објекти определува начин на приклучување на енергетските објекти за секоја поединечна инвестиција прифатена во Годишниот план за изградба на енергетски објекти.

Оттука, ОДС не може да издаде Решение за приклучување на енергетски објекти кои не се опфатени во Годишниот план.

На седница на Комисијата за постапување по Приговори од 3 април 2026 година се разгледуваше следната документација:

1. Приговор УП2 09-98/26 од 17 февруари 2026 година со прилог:

- Приговараното Решение
- Одобрение за градење со правосилност од 17.10.2025 година
- Мислење за добивање на одобрение за градба

2. Одговор на приговор и дополнителни докази од ЕВН од 16 март 2026 година со прилог:

- Слика од Барање за согласност за приклучување
- Имотен лист
- Договор за закуп
- GIS скица

На седницата се заклучи Приговорот повторно да се разгледува на седница на Комисијата за приговори за електрична енергија.

На 24 април 2026 година Приговорот повторно се разгледуваше.

Регулаторната комисија за енергетика при разгледувањето на Приговорот утврди дека истиот е неоснован.

Согласно, член 87, став (13) точка 1) од Законот за енергетика (Службен весник на РСМ бр. 101/25 и 135/25), Министерството во соработка со операторот на електропреносниот систем и операторот на електродистрибутивниот систем во Годишниот план за изградба на енергетски објекти определува начин на приклучување на енергетските објекти за секоја поединечна инвестиција прифатена во Годишниот план за изградба на енергетски објекти.

Согласно член 299 став (1) од Законот за енергетика - енергетските објекти за кои е добиено:
- одобрение за градење и Решение за согласност за приклучување на преносната или дистрибутивната мрежа или
- овластување за изградба на нови енергетски објекти, согласно Законот за енергетика (*) („Службен весник на Република Македонија“ број 96/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ број 96/19, 236/22, 134/24 и 147/24) или друг закон, во рок не подолг од 120 дена од денот на влегувањето во сила на овој закон се сметаат за објекти опфатени односно вклучени во Годишниот план за изградба на енергетски објекти за 2025 година и најдоцна до 15 ноември 2025 година може да поднесат барање за овластување до Министерството.

Предметниот објект не е опфатен со горенаведениот член 299 став (1) поради фактот што за истиот не е обезбедено Решение за согласност за приклучување на дистрибутивната мрежа, односно барањето за издавање на решение за согласност за приклучок е поднесено на 25 јануари 2026 година, а правосилност на Одобрението за градење е на 17.10.2025 година.

Имајќи го предвид горенаведеното, се утврди дека Електродистрибуција постапила правилно издавајќи го сега приговараното Решение, при што се одлучи како во диспозитивот на ова Решение.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова Решение може да се поведе управен спор во рок од 30 дена од денот на приемот на истото.

**УП2 бр. 09–98/26**
**7 мај 2026 година**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**на Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на на Република Северна Македонија**

**Ацо Ристов**